Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **Општина Кисела Вода - Скопје,** за кастрење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 9 (девет) дрвја (8 липи и багрем) , односно намалување на висината на стеблата што се наоѓаат **на ул. "Локов" бр. 3Б – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Општина Кисела Вода - Скопје, ул. "Петар Дељан" бр. 17, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/872** од **11.09.2026** година, за кастрење на дрвјата односно намалување на висината на стеблата што се наоѓаат **на ул. "Локов" бр. 3Б – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвјата предмет на барањето имаат разгранети крошни и гранки над улицата и истите удираат во фасадата на зградата и потребно е да се намали висината на стеблата на посочените дрвја.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/872/2**
19.10.2026 година
Скопје

Доставено до:
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изготвил:
Марија Стојановска
_____

Раководител на одд.
Емил Дуровиќ
_____

Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски
_____

Раководител на сектор
Зоран Лапевски
_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески
_____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-SKOPJE
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP